# Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации
## Образец за пријава на иницијативи

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме за интересот за пријава на иницијатива во рамки на петтиот од серијата „Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации на тема Младински политики кој ќе се одржи на 27.06.2019 година, со почеток во 11.00 часот во Свечена сала, Влада на РСМ.

**Ве замолуваме, пред пополнување на овој образец за пријава, внимателно да го прочитате Упатството за поднесување на иницијативи и брифот со тековни младински политики и проекти**

**Назив на вашата организација: Здружение Лидери за едукација, активизам и развој (LEAD)**

**Адреса (улица, број, општина): бул. 3та македонска бригада 23-2, Аеродром, Скопје**

**Електронска пошта (e-mail): info@lead.org.mk**

**Телефонски број: 078/204-814**

**Лице за контакт (име и презиме, телефон и е-пошта): Илија Станковски**

**Веб страница на вашата организација: www.lead.org.mk**

**Наслов на вашата иницијатива: Мој Глас – дигитална платформа за учество на средношколци во донесување на одлуки**

**На која од областите на младински политики се однесува вашата иницијатива?**

**1. Средношколско демократско организирање**
**+ Средношколски стандард**
2. Студентско демократско организирање;
+ Студентски стандард
3. Ко – менаџмент тело за координација помеѓу младинските организации и институциите и за структурен дијалог
4. Сеопфатно сексуално образование
5. Употреба на психотропни супстанции меѓу малолетници и млади
6. Зелени работни места
7. Младинска работа
8. Младинска гаранција
9. Закон за млади
10. Ревизија на Националната стратегија за млади
11. Проекти за млади во рамки на ФИТР
12. Европска младинска картичка

13. Едно општество - (компонента Млади, компонента Образование, со фокус на младински размени и справување со говор на омраза)
14. Помагање на заедниците (младински активизам на локално ниво - community service, волонтерство)

**Проблеми и потреби:**
(Идентификувајте проблем поврзан со тековната младинска политика и образложете го. Максимум еден параграф)

Учеството на средношколците во донесувањето на одлуките е на критично ниско ниво. Ова се должи на ниската демократска свест за преземање на иницијативи но и на недостатокот на алатки и методи за консултирање од страна на училишните служби. Според последното национално истражување спроведено од LEAD (на репрезентативен примерок) во 2017, 65% од средношколците никогаш не учествувале во работата на училишните тела.

Дел од ова се должи на законската рамка во законот за средно образование и нерегулираноста на ученичкото учество, но исто така се должи и на немањето на соодветни канали за комуникација и место за соодветно искажување на ставови и мислења. Во врска со втората причина ние како организација предложуваме решение.

**Објаснување на иницијативата:**

Нашата иницијатива е воведување на дигиталната платформа “Мој Глас„ (mojglas.mk) на национално ниво во сите средни училишта во земјата.

Што претставува “Мој Глас„?

Мој глас претставува интерактивна платформа, во форма на веб-страница и мобилна апликација која има за цел да ја зголеми комуникацијата помеѓу учениците и училишните служби, да придонесе кон пофикасно и поефективно носење на одлуки во рамки на училиштата и најважно од се, да го зголеми учеството на средношколците во процесите на носење одлуки во нивните училишта, за прашања кои се од нивен интерес. Самата платформа придонесува кон:

- Зголемување и олеснување на комуникацијата помеѓу учениците и училишните служби;
- Вклучување на учениците во процесот на носење на одлуки;
- Развивање чувство на одговорност кај учениците за состојбите во нивните училишта;
- Поттикнување самоиницијативност кај учениците за преземање иницијативи за подобрување на училиштата.

Секој корисник, добива уникатно креиран профил на платформата, достапен само за нив. Прилифите на корисниците содржат име и презиме и клас на ученикот, односно назив на функцијата на претставиците на училишните сужби. Системот е од затворен вид и комуникацијата во едно училиште не може да се гледа од останати трети страни.

Платформата нуди 5 опции:



**Консултирај ги учениците**

Училишните служби, преку платформата ги консултираат учениците, пред да донесат одлука за одредено прашање



**Информирај ги учениците**

Училишните служби, а и учениците меѓусебно, си проследуваат информации кои се релевантни за нив, а се поврзани со училиштето



**Започни петиција**

Учениците ќе добијат можност да започнат петиција за промена на нешто што не им се допаѓа во училиштето и да бараат поддршка од своите соученици



**Достави предлог и пријави проблем**

Ќе им се овозможи на учениците да ги пријавуваат проблемите кои ги забележуваат, до службите, но и да даваат предлози за подобрување на училиштето

Досега истата е воведена во СУГС “Орце Николов” и СУГС “Георги Димитров”.

Институцијата која е надлежа за оваа иницијатива е Министерството за образование и наука.

**Цели и очекувани резултати:**

Главна цел која што се постигнува е зголемување на учеството на учениците во процесите на донесување на одлуки во училиштата, преку дигитални алатки и ефективно користење на новите технологии.

## РЕЗУЛТАТИ И ВЛИЈАНИЕ




**Проценка на финансиски импликации и временска рамка:**

(Наведете, јавни финансиски импликации за реализација на предложената иницијатива, т.е. проценка колку буџетски средства би биле потребни за да се спроведе Вашиот предлог. Претставете ја временската рамка на спроведување на иницијативата.)

Трошоците се следни:

| | Вид на трошок | Цена (МКД) |
|---|---|---|
| 1 | Годишна регистрација за App Store | 5500 |
| 2 | Годишен хостинг простор за опслужување на 20 000 корисници | 37000 |
| 3 | Доразвивање на дигиталната платформа со нови опции | 246000 |
| 4 | Реализирање на обуки за користење на дигиталната платформа од страна на наставниот кадар (20 регионални обуки по 3000 мкд од обука) | 60000 |
| 5 | Месечно одржување и администрирање на платформата (9500 мкд од месец за 12 месеци) | 114000 |
| | ВКУПНО | 468000 |

Временска рамка

| | Сеп | Окт | Нов | Дек | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Доразвивање на дигиталната платформа | X | X | X | X | | | | | | | | |
| Организација на обуки во средни училиште за наставен кадар за користење на платформата | | | | | X | | | | | | | |
| Информативни сесии за учениците за користење на платформата | | | | | X | | | | | | | |
| Воведување на платформата во сите училишта | | | | | | X | X | X | X | X | | |
| Евалуација и подготовка за учебната 2020/2021 | | | | | | | | | | | X | X |

**Начелен план за мониторинг и евалуација:**
(Објаснете како планирате да го следите и оцените спроведувањето на вашата иницијатива. Максимум еден параграф.)

Цел 1 :Зголемување на учеството на учениците во процесите на донесување на одлуки

Индикатор 1: Број на регистрирани учениците на платформата до крајот на учебната година (нашите пресметки се дека 2/3 од вкупниот број на ученици ќе бидат регистрирани)

Индикатор 2: Најмалку 25 постови за идеи и предлози од страна на учениците во едно училиште

Индикатор 3: Најмалку 15 поставени предмети за консулација од страна на училишните служби во едно училиште

**Дополнително образложување на иницијативата кое не е опфатено со претходните прашања:**
(Максимум 5 параграфи)

Оваа иницијатива може да го револуционеризира начинот на кој се врши комуникацијата и консултирањето во едно училиште. Истата е уникатна бидејќи е прва од ваков вид во Европа и регионот.

Истата лесно се употребува и не одзема големо место во меморијата на еден телефон. Придобивката за Министерството за образование и науки би била огромно. Замислете 20000 ученици и 5000 наставници да бидат достапни за споделување информации и консултирање од страна на МОН.
Понатаму, оваа апликација може да се надоградува со дополнителни опции, кои ние веќе ги имаме размислувано и кои е многу лесно да се додадат.

Кратко објаснување на секоја од опциите на платформата:

**1. Консултирај ги учениците**

Тука секоја наставник и директор од училиштето може да постави прашање или анкета на кое учениците доставуваат одговори.

На пример: Какви униформи сакате да носите?

Во истиот момент на секој ученик му стигнува нотификација на телефон и може преку апликацијата да гласа. Резултатите од гласањето директно стигнуваат до училишните служби

**2. Информирај ги учениците**

Тука го заменуваме старомодниот начин на информирање со читање на соопштенија од клас во клас кое одзема многу време и не е фокусирано. Со оваа опција секој ученик и наставник може да креира информација и да ја сподели со учениците од цело училиште

**3. Пријави проблем**

Оваа опција е достапна само за учениците. Тука тие имаат можност да пријават на пример искршено столче, неисчистена просторија, скината завеса итн.

**4. Достави предлог**

Оваа опција учениците можат да ја користат за дадат некоја идеја која сметаат дека треба да се направи во рамки на училиштетот

**5. Започни петиција**

Оваа опција учениците можат да ја користат за да воведат нешто ново во училиштето а притоа секој ученик може да ја поддржи или да не ја поддржи идејата. На овој начин училишните служби гледаат какво е расположението за вакво нешто да се воведе.

**Прилози (опционално):**
(Прикачете подетални информации за предметот, целите и позадината на предложената иницијатива, студии и анализи што ги сметате за релевантни, итн)

1. Учество на средношколците во донесување на одлуки во училиштата, 2017 година
- Верзија на македонски јазик
- Верзија на албански јазик

2. Кратко видео за како функционира дигиталнат платформа Мој Глас
3. Правила и услови за користење на платформата „Мој глас“